ДЕЛОТО НА АНТОНИ МАЗНЕВСКИ УТРЕ СЕ ВРАЌА ДОМА

# Бродот на Моцарт најелегантен во Венеција

Tweet
Like 0 Share
9 септември 2005 - 00:00

ПО ДОБРОТО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ВО ВЕНЕЦИЈА, БРОДОТ НА МОЦАРТ ПО ПРИСТИГНУВАЊЕТО ВО МАКЕДОНИЈА ЗАМИНУВА ЗА БЕЛГРАД НА ИЗЛОЖБАТА "ОКТОМВРИСКИ САЛОН"

Делото "Бродот на Моцарт" на Антони Мазневски, годинашен претставник на Меѓународно биенале во Венеција, утре се враќа дома. Веќе наредниот месец повторно заминува, овојпат на изложбата "Октомвриски салон" во Белград. Авторот веќе отпатува во Италија, во ренесанаста палата "Палацо Зорзи", за да го спакува и да ги заврши последните подготовки за негово безбедно враќање. "Бродот, својот престој на Биеналето ќе го заврши предвреме од технички причини. Станува збор за простор што го добивме на користење од УНЕСКО РОСТЕ за одреден период", ни рече Мазневски пред заминувањето.
Во целина, Мазневски е задоволен од престојот во Венеција. "Бевме некако изолирани од другите претставници, но тоа н&"161; правеше посебни. Нашиот дел беше добро посетен и доби позитивни одгласи во италијанските медиуми и на интернет страниците. Добив критики од типот дека нашето дело е најелегантно од сите изложени дела. Имаше позитивни реакции од луѓе од калибарот на критичарот Јаша Денегри", вели уметникот. Тој додава дека организацијата на Венецискиот биенале била на мошне високо ниво, но има некои забелешки за тоа како Македонија подобро да се претстави следната година. "Мора да се направи канцеларија која ќе ги води сите работи околу овој настан. Потребни се повеќе луѓе кои ќе ја вршат координацијата, порано да се почнува со подоготовките и

дистрибуција на материјалот. Оваа година се беше врз грбот на Соња Абациева, комесарот на нашето преставување", додава Мазневски, кој е професор на Факултетот за ликовни уметности.
И Абациева смета дека за следната година, Македонија мора да изгради свој павилјон во Венеција, за да не мора секоја година да се соочува со истите проблеми. "Годинава во пресрет на излегоа од УНЕСКО. Догодина ќе биде подобро нашето дело да биде на пофреквентно место, каде што има повеќе павилјони, со тоа и посетители", додава таа. За тоа дали во Венеција некој се понудил да го откупи "Бродот...", Мазневски со одговор: "Постојат преговори, но за тоа е рано да се зборува. Имаше и разговори за прошетка на делото низ некои светски галерии. Гостувањето во Белград, кое ќе трае еден месец, е последица од Венеција. Но, за тоа, потоа".
Другите павилјони во Венеција ќе бидат отворени до 6 ноември.

Анита ЈОВАНОСКА



Like Share Sign Up to see what your friends like.

## Поврзани



**Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа**



**Презадоволни сме, во Шпанија лош спот не можеш да направиш!**



**9 години бев во врска со мажена жена, еве што научив...**



**Дури сега ќе ти ја е*ам мајката!**